РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-577/6
28 04 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Деканатската управа на седницата одржана на ден 26.04.2017 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за надоместоци за користење имот
## (простории, рекламен простор и оптички читач)
## на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

1. **СЕ УТВРДУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ** кои ќе ги плаќаат правните и физичките лица за користење на простории (амфитеатри, сали за состаноци и други простории), рекламен простор и оптички читач на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

**1.1. Висина на надоместоци за користење на простории**

- Користење на Свечен Амфитеатар до 2 часа - 9.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Користење на Свечен Амфитеатар за цел ден - 12.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Користење на други амфитеатри, стара сала за состаноци и други простории до 2 часа - 6.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Користење на други амфитеатри, стара сала за состаноци и други простории за цел ден - 9.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Користење на нова сала за состаноци до 2 часа - 9.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Користење на нова сала за состаноци за цел ден - 12.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Користењето на просториите вклучува и користење на техничката опрема во просториите (дисплеј, проектор и сл.)

**1.2. Висина на надоместоци за користење на рекламен простор**

- Поставување на промотивен материјал во аулата и ходниците на Факултетот до 2 часа - 2.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал во аулата и ходниците на Факултетот за цел ден - 3.500,00 денари со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал пред влезот на Факултетот до 2 часа - 1.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал пред влезот на Факултетот за цел ден - 2.500,00 денари со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал во аулата, ходниците или пред влезот на Факултетот до пет месеци - 6.000,00 денари за секој месец со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал во аулата, ходниците или пред влезот на Факултетот за шест месеци - 24.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал во аулата, ходниците или пред влезот на Факултетот за една година - 48.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал или е-линк на web страната до еден месец - 15.000,00 денари со вклучен ДДВ;

- Поставување на промотивен материјал или е-линк на web страната до три месеци - 13.000,00 денари за секој месец со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал или е-линк на web страната до шест месеци - 11.000,00 денари за секој месец со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал или е-линк на web страната до девет месеци - 9.000,00 денари за секој месец со вклучен ДДВ;
- Поставување на промотивен материјал или е-линк на web страната до една година - 7.000,00 денари за секој месец со вклучен ДДВ.

**1.3. Висина на надоместоци за користење на оптички читач**

- Оптичко читање на обрасци и обработка на податоци за до 100 обрасци – 200,00 денари по образец со вклучен ДДВ;
- Оптичко читање на обрасци и обработка на податоци за од 101 до 300 обрасци – 160,00 денари по образец со вклучен ДДВ;
- Оптичко читање на обрасци и обработка на податоци за од 301 до 500 обрасци – 120,00 денари по образец со вклучен ДДВ.

2. За отстапувањето на користење на имотот на Факултетот одлучува Деканот по доставено барање од заинтересираното лице. Деканот може да одлучи имотот да се отстапи на користење без надоместок доколку користењето е за спроведување проект во кој што учествува Факултетот со најмалку 3 вработени или е за потребите на едукација на студенти на Факултетот.

3. Оваа Одлука не се применува во случај кога користењето на имотот на Факултетот се одвива во рамки на проект во кој што учествува или го спроведува Факултетот, или кога со правното или физичкото лице кое што го користи имотот Факултетот има склучен договор за спонзорство во износ над 100.000,00 денари.

4. Отстапувањето на користење на имотот со надоместок ќе се врши со склучување на договор.

5. Финансиските средства кои ќе ги плаќаат правните и физичките лица за користење на имотот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ќе бидат наменски користени за тековно одржување на просториите, набавка на опрема и на литература.

6. Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

7. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важат претходните акти кои регулираат прашања од оваа одбласт.

8. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за финансии, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, Библиотека – Одделение за библиотечно работење, архива и персоналната евиденција на Факултетот.

ДЕКАН

Проф. д-р Горан Коевски